Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 05-280/2
27.02. 2023 год.
ВЕВЧАНИ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак 0501
Рок на чување Трајно
27.02. 2023 година

# ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ (СОСТАВЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА)

## ОРГАН НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ СМЕТКА БРОЈ 710014089463710

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### Приходи

TRAJNO

### Трансфери од други нивоа на власт

Во Билансот на приходи и расходи на Органот на Општина Вевчани во 2022 година се искажани приходи во износ од 20.648.224 илјади денари (2021 година – 16.505.159 илјади денари/претходна година), кои претставуваат трансферирани средства од Буџетот на Општината за финансирање на: платите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на Советот на Општината, набавката на стоки и услуги, разни трансфери, социјални бенефиции, за капитални расходи наменети за урбанистичко планирање и уредување на просторот.

### Тековни расходи

### Плати и надоместоци

Средствата за плати и надоместоци се обезбедени од Буџетот на Општина Вевчани, согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во Р.М., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:.

во илјади денари

| Опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Основни плати | | 4.241.176 | 4.174.077 |
| Придонеси од плати и персонален данок | | 1.615.718 | 1.606.431 |
| Надоместоци | | 546.846 | 1.007.722 |
| | - | **6.403.740** | **6.788.230** |

Средствата исплатени за плати и надоместоци се однесуваат на:

- Основни плати на градоначалникот, државните службеници и други вработени во општинската администрација;
- Надоместоци на членовите на советот (присуство на седници);
- Персонален данок на доход од плата, и
- Придонеси од плати за социјално осигурување кое ги содржи придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство, Агенцијата за вработување и останати придонеси од плати.

*Резерви и недефинирани расходи*

Од издвоените средства за постојана и тековна резерва во Буџетот на Општина Вевчани во 2022 одина се извршени 0.00 илјади денари (2021 година 30.000 илјади денари/претходна година).

## Стоки и други услуги

Средствата исплатени за стоки и други услуги се обезбедени од Буџетот на Општина Вевчани, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредните расходи за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- расходи за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- расходи за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: расходи за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, ленти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и ситен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: расходи за сервисирање на лесни возила и други возила, расходи за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите видови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат расход за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: расходи за адвокатски и други правни услуги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на моторни возила, членарини во домашни организации и други договорни услуги;
- други оперативни трошоци.

во илјади денари

| Опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Патни и дневни трошоци | | | |
| Комунални услуги | | 17.135 | 14.740 |
| Материјали и ситен инвентар | | 3.061.332 | 1.611.983 |
| Поправки и тековно одржување | | 479.531 | 354.838 |
| Договорни услуги | | 626.136 | 415.879 |
| Други оперативни трошоци | | 968.184 | 428.126 |
| Привремени вработувања | | 538.418 | 417.710 |
| | - | **5.690.736** | **3.243.276** |

## Каматни плаќања

| Опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| каматни плаќања кон нерезиденти | | | |
| каматни плаќања кон домашни креди | | 86 | 302 |
| каматни плаќања кон др. Нивоа на влас | | | |
| | | **86** | **302** |

## Субвенции и трансфери

Направените расходи во 2022 година во износ од 623.549 илјади денари (2021 година – 517.638 илјади денари/претходна година) преку ставката субвенции и трансфери се однесуваат на трансфер на средства за учество во проекти.

во илјади денари

| Опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Трансвери до невладини организац. | | 170.000 | |
| Разни трансфери | | 453.549 | 517.635 |
| | - | **623.549** | **517.635** |

## Социјални бенифиции

Преку позицијата социјални надоместоци се исплатени средства во износ од 60.500 илјади денари во 2022 год. (2021 -57.000 илјади денари/година),социјалните надоместоци се однесуваат на надоместок за новороденчиња и еднократна парична помош.

## Капитални расходи

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства и за истите се обезбедени средства од Буџетот на општина Вевчани, согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- мебел и канцелариска опрема што опфаќа средства за: купување на канцеларискиот мебел и информатичка опрема за органите на управата;

- купување на моторни возила што опфаќа средства за купување на патничко возило;
- припрема на проекти што опфаќа средства за: финансирање на расходите за изработка на студии и елаборати, мапи, техничка документација и дизајнирање договарања, консултации и слично, неопходни за припрема на инвестиционите проекти и разни други студии и истражувања;

Во илјади Денари

| Опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| Купување наопрема и машини | | 15.375 | 96.337 |
| Градежни објекти | | | |
| Други градежни објекти | | 7.353.848 | 5.009.876 |
| Вложување и нефинасиски средства | | 29.140 | - |
| Купување на возила | | | |
| | - | **7.398.363** | **5.106.213** |

## Отплата на главнина

| Опис | Буџет 2022 (тековна година) | Извршено 2022 (тековна година) | Извршено 2021 (претходна година) |
|---|---|---|---|
| отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | 381.250 | 762.500 |
| отплата на главнина кон дом. Институции | | | |
| отплата на главнина кон др.нивоа на власт | | 90.000 | |
| | - | **471.250** | **762.500** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Актива

### Активни временски разграничувања

Активните временски разграничувања се однесуваат на неизмирените обврски спрема добавувачите за пристигнати фактури/времени ситуации за месец декември 2022 година, пресметаните а неизмирени плати на вработените за месец декември 2022 година, во вкупен износ од 887.579 илјади денари (2021 година -6.571.880 илјади денари).

### Постојани средства

### Материјални средства

Нематеријалните и материјалните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена.

Стапките на амортизација на материјалните средства се во согласност со стапките дадени во Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници (Сл. весник на РМ бр. 25/03.... 101/13) и се дадени во следната табела:

| ОПИС | **Применети стапки во 2022** |
|---|---|
| Компјутери | 20% |
| Опрема и мебел | 10% |
| Возила | 15% |
| Опрема за ПТТ сообраќај | 10% |

Состојбата и промените на материјалните средства во 2022 година се прикажани аналитички по групи во табелата во продолжение на Образложенијата на овој извештај.

во илјади денари

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно намалување:** | | | |
| **Состојба на 31.12.2022** | | | |
| **Исправка на вредност:** | | | |
| **Состојба на 01.01.2022:** | | | |
| Амортизација за тековна година | | | |
| Расходи и отуѓување | | | |
| **Состојба на 31.12.2022** | | | |
| **Неотпишана вредност на 31.12.2022** | | | |
| **Неотпишана вредност на 31.12.2022:** | **151.788.995** | **7.241.628** | **159.030.623** |

## Пасива

**Краткорочни обврски спрема добавувачи во земјата**

Оваа позиција е проценета во износ од 322.708 илјади денари во 2022 година ( 2021 година -4.670.574 илјади денари/претходна година) и се однесуваат на ______/______.

**Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените**

Пресметаните а неизмирените обврски за плати спрема вработените лица се однесуваат за месец Декември 2022 година и истите изнесуваат 468.962 илјади денари (2021 година – 476.703 илјади денари/претходна година).

**Извори на капитални средства**

Капиталот/изворите на средствата ги опфаќаат изворите на капиталните средства и другите средства како и залихите на материјали, резервните делови, ситниот инвентар и хартиите од вредност.

Изворите за 2022 година е проценета според номинална вредност во вкупен износ од 160.879.950 илјади денари и се состојат од државен јавен капитал.

**Општина Вевчани**
**Градоначалнк**
**Спасе Кочовски**

**изготвил:Јасмина Ѓоргиевска**